Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), член 19 од Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на Република Македонија бр.21/11, 168/11 и 135/12), како и врз основа на Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем во сопственост на АД ЕЛЕМ - Скопје (Службен весник на Република Македонија бр. 27/12 и 113/14), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и тарифи за вршење на регулирана енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за 2017 година на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, подружница Енергетика (во натамошниот текст: АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика) УП1 бр.08-67/17 од 15.05.2017 година, на седницата одржана на 31.07.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика за 2017 година**

1. На АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика, за 2017 година, се одобрува регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија да изнесува 69.765.008денари.

2. Регулираната просечна тарифа за дистрибуција на електрична енергија за 2017 година се утврдува да изнесува 0,3332 ден/kWh за планирана испорака на 209.409.808 kWh електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем.

3. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија утврден со точка 1 од оваа Одлука, и тарифите за пресметковни елементи за пренос на електрична енергија за 2017 година утврдени со Одлуката за одобрување на регулиран максимален приходи, просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД МЕПСО за 2017 година, тарифите за пресметковните елементи за категориите на потрошувачи, врз основа на кои АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика, како вршител на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија, им го фактурира надоместокот за користење на дистрибутивниот систем, изнесуваат:

| Пресметковен елемент | Единица | Тарифи за пресметковни елементи (без вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|---|
| | | категорија на потрошувачи | | |
| | | висок напон (HV) | среден напон (MV) | низок напон (HV) |
| **Врвна активна моќност** | **ден/kW** | 24,7211 | 115,2999 | * |
| **активна електрична енергија** | **ден/kWh** | 0,0184 | 0,0672 | 1,3288 |
| **Прекумерно превземена реактивна електрична енергија** | **ден/kvarh** | 0,0074 | 0,0269 | 0,5315 |

| Пресметковен елемент | Единица | Тарифи за пресметковни елементи (со вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|---|
| | | категорија на потрошувачи | | |
| | | висок напон (HV) | среден напон (MV) | низок напон (HV) |
| **Врвна активна моќност** | **ден/kW** | 36,3695 | 126,9484 | * |
| **активна електрична енергија** | **ден/kWh** | 0,2417 | 0,2904 | 1,5520 |
| **Прекумерно превземена реактивна електрична енергија** | **ден/kvarh** | 0,0967 | 0,1162 | 0,6208 |

4. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе се применува од 1 август 2017 година.

**УП1 бр. 08-67/17**
**31 јули 2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**